ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

30 јануари 2017г. Гевгелија Број 1 Година XL

Врз основа на член 11 став (1) точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09,97/10, 6/12,119/13 и 41/14 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр. 25/06 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**За давање согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2016-30.09.2016 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија**

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај за периодот 01.01.2016-30.09.2016 година при ЈПКД"Комуналец" Гевгелија, усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со одлука бр.02-1448/2 од 16.11.2016 година.

2.Решението да се достави до ЈПКД "Комуналец" Гевгелија.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-215/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.01.2017 година, по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата за бездомните животни во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот,

# З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Информацијата за состојбата со бездомните животни во општина Гевгелија за 2016 година, поднесена од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија под бр.03-80/1 од 17.01.2017 година.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до ова јавно претпријатие.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-216/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 123 став (1) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.01.2017 година, по расправата по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2016 година

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-217/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 36 став (1) точки 35 и 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 35 и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година по расправата по Предлог-Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот за подрачјето на општина Гевгелија за 2016 година, поднесен од Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија, со сите предлози и забелешки по него.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност-Гевгелија.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-218/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија за 2016 година, поднесена од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-219/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија за 2016 година, поднесен од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до Меѓуопштинскиот центар за социјални работи-Гевгелија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-220/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2015 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2015 година, поднесена од ЈЗУ "Центар за јавно здравје" Велес - П.Е. Гевгелија.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до подрачната единица на оваа јавна здравствена установа.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-221/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година, по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општина Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општина Гевгелија за 2016 година, поднесена од НУ Музеј-Гевгелија.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до оваа национална установа.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-222/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година по расправата по Предлог-Информацијата за состојбата со мигрантите во Прифатниот транзитен центар "ЈУГ" - Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со мигрантите во Прифатниот транзитен центар "ЈУГ"-Гевгелија за 2016 година, поднесена од Регионалниот центар за управување со кризи-Гевгелија, со предлозите и забелешките по неа.

2. Еден примерок од Заклучокот да се достави до оваа национална установа.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-223/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

## ВОВЕД

Со оваа Предлог-Програма се определуваат прашањата (актите и материјалите) кои ќе ги разгледува и одлучува на Советот на општина Гевгелија во своето работење во текот на 2017 година (Во натамошниот текст: Советот на општината).

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општината ќе разгледува и одлучува и по други прашања и проблеми што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2017 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со Градоначалникот на општината, јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, невладиниот сектор како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2017 година се распоредени во групи и подгрупи.

## 1. АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2016 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15 март 2017 година.

1.2.Завршна сметка за 2016 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов".

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: 15 Март 2017 година

1.3.Завршна сметка за 2016 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште.
Рок: 15 Март 2017 година.

1.4.Завршна сметка за 2016 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: 15 Март 2017 година.

1.5. Завршна сметка за 2016 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: 15 Март 2017 година.

1.6.Завршна сметка за 2016 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: 15 Март 2017 година.

1.7.Завршна сметка за 2016 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: 15 Март 2017 година.

1.8.Завршна сметка на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2016 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: 15 Март 2017 година.

1.9.Квартални извештаи за извршувањена Буџетот за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Квартално во текот на 2017 година.

1.10.Информација за преземените активности за реализација на Стратегијата за локален одржлив развој на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември 2017 година.

1.11.Буџет на општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2016 година.

1.12.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2016 година.

1.13.Годишен финансиски план за 2017 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски", "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок:Декември 2016

1.14.Годишен финансиски план за 2017 година на Средното општинско училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Средноопштинско училиште
Рок: Декември 2016 година.

1.15.Годишен финансиски план за 2017 година на Општинската установа за деца-Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2016 година.

1.16.Годишен финансиски план за 2017 година на Општинска установа библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа библиотека
Рок: Декември 2016 година.

1.17.Годишен финансиски план за 2017 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Домот на културата
Рок: Декември 2016 година.

1.18. Годишен финансиски план за 2017 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа Работнички универзитет
Рок: Декември 2016 година.

1.19.Годишен финансов план на ЈОУ Пионерски дом"Јосип Броз Тито"за 2017 год.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"
Рок: Декември 2016 година.

1.20.Годишен финансиски извештај од Невладините организации за потрошените средства доделени од Буџетот на општина Гевгелија

Предлагач : Советници
Изготвувач: Невладините организации и Општинската администрација
Рок: Декември 2017 година.

## 2. АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година

2.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2017 година

2.3.Информација за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2017 год.

2.4.Извештај за реализација на Програмата за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2017 год.

2.5.Програма за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 год.

2.6. Програма за поставување на времени објекти во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Општинска администрација
Рок: Во текот на 2017 год.

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

3.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2016година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок:Март 2017 година.

3.2.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2017 година.

3.3.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија, нивно уредување и користење.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2017 година.

3.4. Информација за состојбата со речното корито на река Вардар во КО Милетково (поради изменетото речно корито во КО Јосифово)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2017 година.

3.4.Програма за уредување на речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2017 година.

3.5.Информација за состојбата и преземените активности за кучињата скитници во општина Гевгелија.

Предлагач и Изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2017 година.

3.6.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни-Ноември 2017 год.

3.7.Информација за состојбата со општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2017 година.

3.8.Информација за состојбата со авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2017 година.

3.9.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2017 година.

3.10.Информација за хортикултурно уредување во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Ноември 2017 година.

3.11.Информација за состојбата со преземените активности за изградба на регионална депонија за комунален цврст отпад.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Ноември-Декември 2017 година.

3.12.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.13.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.14.Информација за спроведување на Одлуката за надоместок за прекумерно искористување на локалните патишта во општина Гевгелија во 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација/Државен инспекторат за патен сообраќај
Рок: Декември 2017 година.

3.14.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.15.Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.16.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.17.Програма за хортикултурно и партерно уредување на јавни површини во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 год.

3.18.Извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Март 2017 година.

3.19.Програма за одржување на јавната чистота во општина Гевгелија за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.20.Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.21.Програма за дезинфекција, дезинсекција, дератизација и ерадикација на животни скитници во општина Гевгелија за 2017 година.

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

3.22.Извештај за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: 15 март 2017 година.

3.22.Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: 15 март 2017 година.

3.23.Извештај за реализација на Програмата за финансирање на НВО секторот во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: 15 март 2017 година.

3.24.Извештај за реализација на Програмата за поддршка на Месните заедници во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: 15 март 2017 година.

## 3. АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

4.1.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2016 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари-февруари 2017 година.

4.2.Програма за работа на ЈП"Миравци" Миравци за 2016 година

Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Јануари 2017 година.

4.3.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2016 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2017 година.

4.4.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2016 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2017 година.

4.5.Извештај за работењето на ЈП"Миравци" Миравци за 2016 год.

Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Април 2017 година.

4.6.Годишна завршна сметка на ЈП"Миравци" Миравци за 2016 год.

Предлагач и изготвувач: ЈП"Миравци" Миравци
Рок: Април 2017 година.

4.7.Квартални извештаи за извршување на финансиските планови на јавните комунални претпријатија ЈПКД "Комуналец" Гевгелија и ЈПВК "Миравци" Миравци за 2017 година.

Предлагач и изготвувач: Јавните комунални претпријатија
Рок: Квартално во 2017 година.

4.8.Годишен извештај за работата на Управниот одбор и Надзорниот одбот за материјално финансиското работење на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2017 година.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија,
Управен и надзорен одбор на јавното претпријатие
Рок:Јануари-Април 2017 година.

## 5.ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

5.1.Годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2016г.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2017 година.

5.2.Одлука за формирање комисија за соработка со невладиниот сектор.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Јануари 2017 година.

5.3.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Февруари 2017 година.

5.4.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2017 година

5.5.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2017 година.

5.6.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2017 година.

5.7.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2015/2016 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2017 година.

5.8.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2017 година.

5.9.Извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2015/2016 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"

Рок: Февруари 2017 година.

5.10.Годишна програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" за 2016/2017 година.

Предлгач и изготвувач: ЈОУ "Јосип Броз Тито"
Рок: февруари 2017 година.

5.11.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Полициска станица Гевгелија
Рок. Полугодишно (февруари-јули) 2017 година.

5.12.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Полициска станица Гевгелија
Рок: Полугодишно (јули-февруари) 2017 година.

5.13.Информација за состојбата со мигрантите во Прифатниот центар за мигранти ЈУГ-Гевгелија,

Предлагач и изготвувач:Полициска станица од ОН-Гевгелија
Рок: Еднаш месечно во 2017 година.

5.13.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија и состојбата со здравствениот кадар во Јавните здравствени установи во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита
ПЕ Гевгелија, ЈЗО и Здравен дом Гевгелија.
Рок: Јануари-март 2017 година.

5.14.Програма за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2017 година.

5.15.Информација за преземените активности за дезинфекција, дезинсекција и дератизација и згрижување на бездомни животни во општина Гевгелија .

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2017 година.

5.16.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2017 година.

5.17.Извештај за работата на комуналните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Комуналени инспектори
Рок: 31 Март 2017 година.

5.18.Извештај за работата на инспекторот за патишта и патен сообраќај

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: 31 Март 2017 година.

5.19.Извештај за работата на овластените градежни инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: 31 Март 2017 година.

5.20.Извештај за работата на овластениот инспектор за животна средина

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен инспектор за заштита на животната средина
Рок: 31 Март 2017 година.

5.21.Одлука за доделување награда на ученици кои постигнале реултати на државно и меѓународно ниво.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2017 година.

5.22.Информација за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија (за сите целни групи).

Предлагач и Изготвувач: МЦСР-Гевгелија.
Рок: ноември 2017 година.

5.24.Информација за состојбата со претшколското, основното и средното образование во општина Гевгелија за 2016/2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули-Август 2017 година.

5.25.Информација за преземените активности за реализација на Локалниот акционен план за социјална заштита.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јули 2017 година.

5.26.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Септември 2017 година.

5.27.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца
Рок: Септември 2017 година.

5.28.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 2016/2017 на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2017 година.

5.29.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2016/2017 година на: "Крсте Мисирков", "Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев", "Климент Охридски" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2016 година.

5.30.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Септември 2017 година.

5.31.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2016/2017 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Септември 2016 година.

5.32.Информација за состојбата со изграденоста на архитектонски бариери за лица со посебни потреби.

Предлагач и Изготвувач: Меѓуопштински центар за социјална заштита
Рок: Септември 2017 година.

5.33.Одлука за одбележување на настани и личности.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Септември-Октомври 2017 година.

5.34.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Октомври 2017 година.

5.35.Информација за состојбата со образовните струки и профили во СОУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и СОУ
Рок: Ноември 2017 година.

5.36.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок. Ноември 2017 година

5.37.Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година,

5.38.Програма за финансирање на проекти од обласста на културата за 2017 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

5.39.Извештај за реализација на Програмата за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2016 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2017 година

5.40.Програма за туристички развој, општа туристичка пропаганда и за подробрување на условите за престој на туристите во општина Гевгелија во 2017 година.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2016 година.

5.41.Извештај за преземените активности за реализација на програмата за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во општина Гевгелија за 2016 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март 2017 година.

5.42.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2017 година

Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Декември 2017 година

5.43.Годишен извештај за работата на Советот за заштита на потрошувачите за 2016 година

Предлагач и изготвувач: Совет за заштита на потрошувачите
Рок: Јануари/Февруари 2017 година.

5.44.Информација за тековно одржување на гробиштата во населените места.

Предлагач и Изготвувач: ЈПКД"Комуналец"Гевгелија
Рок: Во текот на 2016 година.

5.45.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2017 година

5.46.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2017 година.

5.47.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Гевгелија за 2017 година.

Предлагач и изготвувач: Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на општина Гевгелија
Рок: Декември 2017 год.

## 6.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

6.1.Извештај за состојбата со употребата на наркотици и психотропни супстанци кај младите во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Дневен центар за корисници на наркотици и психотропни супстанци- Гевгелија
Рок: Април-Мај 2017 година

6.2.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2017 година.

6.3.Одлука за разрешување на директорот на ЈП ВЕЧЕН ДОМ-Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општина Гевгелија,
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: во текот на 2017 година.

6.3.Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: Занаетчиска комора
Рок: Јуни 2017 година.

6.4.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач:Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач:Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми-ПЕ Гевгелија
Рок: Во текот на 2017 година.

6.5.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач: Претседател или член на Совет, градоначалник
Изготвувач: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и ЈП Македонски шуми - ПЕ Гевгелија
Рок: Во текот на 2017 година.

6.6.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2017 година.

6.7.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заштита на спомениците на култура
Рок: Во текот на 2017 година.

6.8.Информација за состојбата со заштитата на археолошкото богатство на подрачјето на општина Гевгелија.

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач: Народен музеј
Рок: Во текот на 2017 година.

6.9.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2017 година.

6.10.Извештај за работењето на АД за водостопанство на РМ - Подружница"Јужен Вардар- Гевгелија.

Предлагач и изготвувач: АД за водостопанство на РМ - подружница "Јужен Вардар- Гевгелија.
Рок: Во текот на 2017 година.

6.11.Извештај за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2016 година,

Предлагач и изготвувач: Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата,
Рок: 31 март 2017 година.

6.12.Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година,

Предлагач и изготвувач: Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата,

Рок: 31 март 2017 година.

6.13.Заклучок за одржување седница на Советот на општина Гевгелија со задолжителна точка на дневен ред: Советнички прашања.

Предлагач: Претседател или член на Советот
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: Март 2017 година.

6.14. Заклучок за одржување седница на Советот на општина Гевгелија два пати месечно.

Предлагач: Претседател или член на Советот.
Изготвувач: Општинска администрација.
Рок: Март 2017 година.

7. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-224/1
27.01.2017. год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина, Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 22-а од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр. 29/02, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 год.) и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**За финансирање на спортските активност во општина Гевгелија за 2017 година**

Со оваа Програма се планираат активности на општина Гевгелија во областа на спортот и средствата за финансирање на истите за 2017 година.

## 1. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма е обезбедување услови и преземање системски мерки за поддршка на спортот, односно, спортисти, спортски клубови, спортски сојузи и (традиционални) спортски маниферстации, финансиски ќе поддржува организирање на активности за развој и унапредување на:

- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставaт програми и проекти за организирање на манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;
- програмите, проектите и активностите на спортисти-аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија
- спортско рекреативните активности на лица со посебни потреби;

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирање на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година.

## 3. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| **Ред. бр.** | **Предлагач на проектот** | **Име на програмската активност** | **Одобрени средства од општинскиот буџет/ден.** |
|---|---|---|---|
| 1. | Фудбалски клуб КОЖУФ Гевгелија | 1.Натпревар во трета лига и влез во втора лига<br>2.Работа на младинска лига<br>3.Реновирање и одржување на стадион<br>4.Формирање на тренинг камп | 1.600.000 |
| 2. | ФК „ЗОРБАС ПОБЕДА“ Мрзенци | Натпревари во трета македонска фудбалска лига ЈУГ | 50.000 |
| 3. | ЗГ Фудбалски клуб „ВАРДАР“ Прдејци | 1.Натпревари во општинска фудбалска лига<br>2.Набавка нафудблска опрема<br>3.Набавка на опрема за одржување на терен | 30.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 4.Реконструкција на терен (соблекувална) | |
| 4. | Ракометен клуб „ПАРТИЗАН-2016“ Спорт Гевгелија | Натпревари во организација на Ракомртна Федерација на РМ | 900.000 |
| 5. | Женски ракометен клуб Гевгелија | Натпревари во организација на Ракомртна Федерација на РМ | 900.000 |
| 6. | Спортско друштво ТИХО Миравци | 29-ти Меморијален турнир во мал фудбал “Тихо-2017 “ Миравци | 100.000 |
| 7. | ЗГ ЖРК Ветерани Југ Гевгелија | 1.Тренинзи во спортска сала во Стојаково<br>2.Балканска лига на ветерани | 80.000 |
| 8. | Училишен спортски клуб „Владо Кантарџиев“ Гевгелија | 1. Школа за футсал (основни училишта)<br>2. Фудбалска школа (основни училишта)<br>3. Школа за кошарка (основни училишта)<br>4. Школа за ракомет (основни училишта)<br>5. Школа за одбојка (основни училишта)<br>6. Крос<br>7. Излети во природа<br>8. Меѓуопштински, зонски, регионални и државни натпревари во футсал, фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, атлетика, тенис, пинг-понг (основни) | 50.000 |
| 9. | ГЗ АТАЛАНТА Гевгелија | 1. Учество на државно натпреварување во гимнастика<br>2. Тековни трошоци | 20.000 |
| 10. | Мото клуб РЕТКИ ПТИЦИ Гевгелија | 1. Ендуро рели Кожуф 2017<br>2. Мото собир<br>3. ФИМ-рели Шведска 2017<br>4. Независност на РМ 8-ми Септември | 50.000 |
| 11. | Планинарско друштво КОЖУФ Гевгелија | тековни активности | 50.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | ЗГ Тениски клуб КРУНА Гевгелија | Ајде да играме тенис<br>1.Тениски турнир "Круна Опен"<br>2. Зачленување во МТФ за 2017 г. и учество на турнири по категории<br>3. Лица со посебни потреби и деца од предучилишна возраст "Да научиме тенис"<br>4. Тениска школа за почетници<br>5. Промоција на тениската игра во ОУ | 40.000 |
| 13. | Здружение на граѓани ГЕВДИОН | Баскет турнир Гевдион 2017 | 80.000 |
| 14. | ЗГ Митко Ќаев-Баче Богородица, Гевгелија | Турнир во мал фудбал за пионери „Богородица 2017" | 40.000 |
| 15. | МИСТИК ДЕНС Гевгелија | Танцов натпревар Скопје опен 2017<br>Танцов натпревар Салоника опен 2017<br>Танцов натпревар Нови Сад денс фест 2017<br>10 год Мистик денс Гевгелија<br>Меѓународен натпревар Macedonia open 2017<br>Летен камп<br>Новогодишен флешмоб<br>тековни трошоци | 40.000 |
| 16. | Спортски клуб СОУ Ј.Јосифовски Гевгелија | Натпревари помеѓу УСК<br>Училишни натпревари<br>Велосипедизам<br>Планинарење | 100.000 |
| 17. | Отворени забавни фудбалски школи Скопје | Отворени забавни фудбалски школи 2017 | 40.000 |
| 18. | ЗГ ловечко друштво ОРЕЛ Гевгелија | 1.Локален натпревар во ловно стрелаштво на глинени гулаби и подвижни мети<br>2.Меѓуопштински натпревар во ловно стрелаштво на глинени гулаби и подвижни мети<br>3.Изложба на ловечки кучиња-натпревар во избор на | 15.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ловечки расни кучиња | |
| 19. | Општински фудбалски сојуз Гевгелија | Тековни активности | 25.000 |
| 20. | ЗГ КК КОЖУВ Гевгелија | натпреварување во прва кошаркарска лига мажи<br>подготовки и натпреварување во прва кошаркарска лига мажи и БИБЛ 2017/2018<br>подготовка за Куп на Македонија<br>учество на кошаркарски турнири во земјата и странство | 4.600.000 |
| 21. | **Други активности** | | **190.000** |
| 22. | **Вкупно** | | **9.000.000** |

За активностите од областа на спортот кои не се опфатени со оваа програма, а ќе се појават во текот на 2017 година, и се од општ интерес за општината, Советот на општината ќе изврши дополнување на истата.

Одржувањето и изградбата на спортски објекти е предвидено во Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година.

## 4. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПОДДРЖУВАЊЕ И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

Освен со финансиски средства, градоначалникот и Советот на општина Гевгелија, спортските манифестации ќе ги поддржување и помага со:

- Покровителство
- Доделување награди, признанија и пригодни подароци.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 09-225/1
27.01.2017 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов***

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 одЗаконот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 одСтатутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година**

## 1. Вовед

Со Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.
Програмата ги дефинира целите на културната политика на општина Гевгелија кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2017година.
Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, градоначалникот на општина Гевгелија распиша Конкурс за финансирање на програми и проекти во областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017година.
Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

## 2. Цели

Основна цел на Програмата е, покрај дејноста на општинските културни установи, *да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на* фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

- да обезбедуваат богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство;
- поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките заедници;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;

-
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори (до 35 години),
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литература (книга/стрип албум/графичка новела);
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата книга/стрип албум/графичка новела;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни културни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и другиорганизации;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- промоција и афирмација на нови уметнички форми и изрази;
- организирање на меѓународни фестивали што се одржуваат во општина Гевгелија;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со посебни потреби, со цел поттикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со посебни потреби;
- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;
-

**3. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Гевгелија за 2017година.

**4. Распоредувањенафинансискитесредства**

| Ред. бр. | Предлагач на проектот | Име на програмската активност | Одобрени средства од буџетот на општина Гевгелија/ден |
|---|---|---|---|
| 1. | Здружение „Мултимедиа центар" Гевгелија | Мултимедијална изложба | 20.000 |
| 2. | Здружение на граѓани "Калинка"Гевгелија | 1. Интернационален детски музички фестивал Калинка 2017 | 200.000 |
| 3. | Културно уметничко друштво "Танец" Миравци | 1. Манифестација Ѓура Мара<br>2. Учество на фестивали во Ињево, Кривогаштани, Струга,Охрид,Свети Николе, Струмица, Радовиш и Битола<br>3. Учество на манифестации во Општината<br>4. Учество на фестивал во Р. Србија, Хрватска и Бугарија<br>5. Фестивал по повод Св. Костадин и Елена-панаѓур во Миравци<br>6.Обновување на народна носија | 130.000 |
| 4. | Културно уметничко друштво "Браќа Толеви" с. Прдејци | 1. Учество на меѓународен фолклорен фестивал Козара етно 2017<br>2. Манифестација по повод 15 год. постоење на друштвото.<br>3. Фолклорни смотри "Мајски дружења"<br>4. Учество на меѓународен детски фестивал во Р.Бугарија за помладокот до 14 години | 100.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Културно уметничко друштво „Негорци“ Негорци | 1. Редовна работа на КУД „Негорци“-<br>2. Учество на детски фолклорен фестивал<br>3.Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Холандија | 100.000 |
| 6. | Ансамбл "Бојмија" Гевгелија | 1. Изработка и презентација на<br>носија од Долни Полог (реон Тетово)<br>2. Меѓународна културна соработка со КУД од збратимените градови<br>3. Учество на меѓународен фолклорен фестивал во Полска<br>4. Обнова и комплетирање на<br>носија и набавка на народни<br>инструменти<br>5. Одбележување на годишен концерт на Ансамбл „Бојмија“ (13-ти) | 150.000 |
| 7. | КУД „Распеани Гевгеличани“ | 1.Учество на фестивал на староградски песни во Кочани и Валандово<br>2. Учество на фестивал на староградски песни „Илинденски денови“ Битола<br>3.Учество на староградски средби во Радовиш<br>4.Настап на Дојрански ракувања<br>5.Учество на фестивал „Охридски староградски средби“ Охрид<br>6.Учество на фестивал на староградски средби „Под кулите во Струмица“<br>7. Учество на фестивал на староградски средби во Виница<br>8.Набавка на гардероба | 50.000 |
| 8. | Градски мешан хор | 1.Меѓународен натпревар на | 150.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | "Гортинија"<br>Гевгелија | хорска музика во Рим<br>2.Премиерна изведба на вокално-инструментално дело<br>3.Времеплов на мак.хорска музика | |
| 9. | Здружение на граѓани „Тера"<br>Гевгелија | Смоквијада 2017 | 250.000 |
| 10. | Хуманитарно здружение „Ристо Калиников"<br>Гевгелија | СРВ ФЕСТ во чест на Ристо Калиников | 100.000 |
| 11. | „Музички моменти"<br>Гевгелија | 1.Општински, регионални, државни натпревари, интернационален натпревар во Охрид и Софија<br>2.Концертна дејност | 20.000 |
| 12. | ЗГ Музички и балетски педагози ЛЕГЕ АРТИС<br>Гевгелија | 1.Регионални хорски смотри „Тома Прошев"<br>2.Умна музика за поумни глави | 50.000 |
| 13. | ТЕМОВ ФШТ Скопје | Баскерфест 2017-фестивал на уличниартисти | 100.000 |
| 14. | СОУ „Јосиф Јосифовски" Гевгелија-Театарска група | 1. Учество на Меѓународен натпревар во Банско со претставата РЕВИЗОР<br>2. Учество на Младинскиот хор на меѓународен натпревар во Банско<br>3.Перформанс со најпознатите композиции од цртаните филмови | 50.000 |
| 15. | СОУ „Јосиф Јосифовски" Гевгелија | 1.АРТ ДИДАКТИКА-изработка на видео и аудио материјали од умет.литература<br>2.Арт работилници во Виена, карловац, Белград<br>3. Поетско музичка вечер „Пееме за Гевгелија"<br>4.Театарска претстава за деца „ Има ли спас за царството на Дедо Мраз"<br>5. Театарска претстава „Кројач за дами"<br>6. Античка забава | 50.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (драматизација, квиз, соло точки)-ученици кои изучуваат латински јазик | |
| 16. | ООУ Владо Кантарџиев Гевгелија-Драмска група „Театарче Атерче“ | Драмска претстава | 30.000 |
| 17. | Здружение за едукација на деца и млади СЛОЖУВАЛКА Гевгелија | Отворен настан Ден на млади 2017 | 20.000 |
| 18. | ЗГ Урбана бригада Гевгелија | Графити фестивал 3 „Next level“ со изложба<br>Хип хоп настан | 15.000 |
| 19. | Универзитет Гоце Делчев-Факултет за туризам и бизнис логистика Гевгелија | Иновативен пристап во развојот на културниот туризам преку културното наследство, настаните и субјектите | 50.000 |
| 20. | Здружение „Внимание“ Гевгелија | 1. Меѓународен натпревар Длга над Клептуза“ Велинград, Р. Бугарија<br>2. Детски музички фестивал „Распеани дечиња“ | 20.000 |
| 21. | РОМИ Х Гевгелија | 1.Традиционална ромска вечер<br>2.Одбележување на Светски ден на ромите<br>3.Активности по повод Спасов ден<br>4.Едукација на ромите за театарска уметност<br>5.Меѓународна соработка со Р.Бугарија<br>6.Ѓурѓовден | 100.000 |
| 22. | М-р Глигор Гелебешев Скопје | 1.Меѓународен натпревар за млади пијанисти Гевгелија 2017 во соработка со ООМУ Васо Карајанова | 100.000 |
| 23. | Гордана Хаџи Николова Малашев | Ликовна изложба на склуптури и слики „Трансформации“ на Гордана Хаџи-Николова Малашев Гевгелија и Николина Државовска од Бугарија | 20.000 |
| 24. | Ристо Стамков Гевгелија | „Да не бидат заборавени“ 5-та книга | 20.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25. | Стефан Марковски Гевгелија | Објавување, промоција и дистрибуција на роман „Еретички писма“ | 30.000 |
| 26. | Љубомир Кавазов Гевгелија | Издавање на книга-Стручна литература за угостителска струка „Ресторанско работење“ | 10.000 |
| 27. | Трајко Аврамов Гевгелија | Стари зборови и изрази во говорната пракса во Гевгелиско Валандовскиот крај-книга | 10.000 |
| 28. | Дуче Минчев Гевгелија | Печатење, издавање и промоција на двојазична збирка поезија на влашки и македонски „Вчера беше, денес е, утре ќе биде | 25.000 |
| 29. | Глигор Гошев&Теодора Гошева | 1.видео запис, аудио запис и промоција на песна 2.музичка работилница | 20.000 |
| 30. | Катерина Гоцевска Гевгелија | Велигден радост наша | 15.000 |
| 31. | Олгица Ќурчиева Гевгелија | Издавање и промоција на книга поезија | 15.000 |
| 32. | Елена Ѓуров Гевгелија | Самостојна изложба на скулптури (дипломски труд) | 20.000 |
| 33. | Лилјана Пецова Илиеска Скопје/ Вангел Срнаков Гевгелија | Збирка поезија „Јужен глас“ (поезија и уметнички слики“) | 20.000 |
| 34. | Дамјан Ѓуров Гевгелија | Метално доба-самостојна изложба на скулптури | 20.000 |
| 35. | Тања Трајкова Гевгелија | Седумдневна самостојна изложба на уметнички слики | 20.000 |
| 36. | Игор Узунов и DJ TODOROFF | Албум: Deep House-Vol1 mk.. (10 песни, видео запис, промоција) | 20.000 |
| 37. | Дејан Малзарков Гевгелија | Снимање на соло албум, видео спотови, промоција | 20.000 |
| 38. | Мирче Корнаков Гевгелија | Книга: „Монографија за мотокрос во Гевгелија“ | 30.000 |
| 39. | Дејан Трајков Гевгелија | 1.Мозаик фест (тродневен фестивал-изложба, работилници, музички дел) 2.Издавање и промоција на винилно издание | 20.000 |
| 40. | ЈОУ Пионерски дом “Јосип Броз Тито“ | 1. Аранжирање цвеќе 2. Априлијада | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Гевгелија | 3. Велигденски концерт<br>4. Гевгелија денс<br>5. Свечен концерт по повод 8-ми Септември<br>6. Фолклорен ѓердан<br>7. Дедо Мраз пак кај нас | 180.000 |
| 41. | ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија- ликовен сектор | 1. Прва самостојна изложба на Катерина Чугунска од Гевгелија „Детството...."<br>2.Самостојна изложба-инсталација на Перо Кованџалиев „326 кг живот"<br>3.Самостојна изложба на Иво Пецов од Виница „По трагите на творецот" | 30.000 |
| 42. | ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев "Гевгелија | 1.МЕТРИЧКИ КАРАВАН 4<br>2.Издавање и промоција на книга поезија од Илија Карајанова „Граници во сонот" | 100.000 |
| 43. | Одбележување на општински празници | | 650.000 |
| 44. | Активности на Народен театар Гевгелија | | 450.000 |
| 45. | Подготовки за печатење и промоција на Монографија „Гевгелија-130 години град" | | 308.000 |
| 46. | Други активности | | 97.000 |
| 47. | **Вкупно** | | **4.000.000** |

ЗаактивноститеодобластанакултуратакоинесеопфатенисоовааПрограма, а ќесепојаватвотекотна 2017година и сеодопштинтересзаопштината, СоветотнаопштинаГевгелијаќеизвршидополнувањенаистата.

**5. Завршниодредби**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма, треба да поднесат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-226/1
27.01.2017год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44, а во врска со член 143 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за поддршка на Месните заедници во организирање на културни активности во 2017 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програма е поддршка на културните и други активности организирани од Месните заедници во населените места.

Одржувањето на културните и други активности во населените места е од посебно значење за животот и работата на граѓаните во срединиет во кои живеат.

Месните заедници, како облици на месна самоуправа, се грижат за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

**2.Активности**

Во 2017 година Општината ќе ги поддржи следните активности на Месните заедници и тоа:

| | Предлагач | Активности | Вкупно планирани расходи | Побарани средства од буџетот на општина Гевгелија 2017г. | Предлог-средства од Буџе о.Гевгелија за 2017 г |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **МЗ "МРЗЕНЦИ"-с.Мрзенци** | 1.Одбележување на селскиот панаѓур на 03.06.2017г. | 40.000,оо ден. | 40.000,оо ден. | 20.000,ооден. |
| 2. | **МЗ "СЕРМЕНИН"-с.Серменин** | 1. Одбележување на Илинден,<br>2. Одбележување на Митровден. | 75.000,оо ден. | 50.000,оо ден. | 20.000,оо ден. |
| 3. | **МЗ "ХУМА" - с.Ума** | 1. Коледарски ден,<br>2. Планинарски марш "Перо Илиевски",<br>3. Селски панаѓур,<br>4. Ликовна колонија, | 950.000,оо ден. | 525.000,оо ден. | 30.000,оо ден. |
| 4. | **МЗ "НОВО КОНСКО" – с.Ново Конско** | 1.Панаѓурска активност за Митровден,<br>2.Дочек на Стара Нова Година (Василица) | 30.000,оо ден. | 30.000,оо ден. | 20.000,оо ден |
| 5. | **МЗ "ТРАЈКО АЛЧИНОВ"-Конско** | 1. Илинденски средби,<br>2. селски Панаѓур | 47.000,оо ден. | 40.000,оо ден. | 20.000,оо ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | за Митровден | | | |
| 6. | **МЗ "ПЕТРОВО"-с.Петрово** | 1. Организирање прослава за ВОДИЦИ | 60.000,оо ден. | 30.000,оо ден. | 15.000,оо ден. |
| 7. | **МЗ "ДАВИДОВО"-с.Давидово** | 1. Прослава на празникот Василица,<br>2. Одбележување на празникот Св.Илија. | 25.000,оо ден. | 20.000,оо ден. | 15.000,оо ден. |
| 8. | **МЗ "МОИН"-Моин** | 1.Прослава на селски панаѓур,<br>2.Прослава на ВОДИЦИ, | 60.000,оо ден. | 60.000,оо ден. | 20.000,оо ден |
| 9. | **МЗ "СМОКВИЦА" – с.Смоквица** | 1. Курбан од црквата во Јануари,<br>2. Курбан од црквата во мај,<br>3. Курбан од црквата во Ноември.<br>4. Организација на смоквичка вечер | 55.000,оо ден. | 34.000,оо ден. | 20.000,оо ден |
| **Други Активности** | | | | | 10.000,оо ден. |
| | **ВКУПНО** | | **1.342.000,оо ден.** | **829.000,оо ден.** | **190.000,оо ден.** |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, Програма Д-Градоначалник, Потпрограма Д1.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-227/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за поддршка на НВО секторот за организирање активности во 2017 година

**1.Цели**

Основни цели на оваа Програмата за подршка на активностите на НВО секторот во 2017 година се:

-создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;

-давање поддршка на проекти со кои ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;

-афирмација на општината во развивање на соработка со НВО секторот.

**2.Активности**

Во 2017 година општината ќе ги поддржи следните активности и проекти на НВО секторот и тоа:

| | Предлагач | Активност | Вкупно планирани расходи | Вкупно побарани средства од Буџетот за 2017г. | Предлог-одобрени средства о[д] Градона-чалникот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | "Регионален центар за одржлив развој"-Гевгелија | 1.Програма за развој на граѓанскиот сектор,<br>2.Програма за поттикнување на младинскиот активизам,<br>3.Програма за развој на локалната демократија | **1.760.000,оо ден.** | **240.000,оо ден.** | 50.000,оо д[ен.] |
| 2. | **Здружение на граѓани за рекреативно движење во природа "РЕКРЕАТИВЕЦ"-Гевгелија** | 1.Движење во природата и зачувување на природните реткости | 69.000,оо ден. | **65.000,оо ден.** | 10.000,оо д[ен.] |
| 3. | **Здружение на граѓани "ВИЗИТИНГ"-Гевгелија** | 1.Изработка на туристички водич "VISIT GEVGELIJA",<br>2. Изработка на веб информатор "GVGLIVE.COM"<br>3. "INVEST IN GEVGELIJA,<br>4." АНДРОИД апликација",<br>5. Едукација и промоција на млади таленти | **230.000,оо ден.** | **150.000,оо ден.** | 20.000,оо д[ен.] |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **Кинолошко друштво "КОЖУФ"-Гевгелија** | 1.Организација на Меѓународна изложба на сите раси на кучиња,<br>2.Организација на Меѓународна изложба на сите раси на кучиња, | **1.400.000 ден.** | **300.000,оо ден.** | 80.000,оо де |
| 5. | **Здружение "КЛУБ ДОГО АРГЕНТИНО"-Гевгелија** | 1.Специјализирана изложба на расата ДОГО АРГЕНТИНО во Гевгелија | **150.000,оо ден.** | **60.000,оо ден.** | 20.000,оо де |
| 6. | **Здружение на Власите "МЕГЛЕНИЈА"-Гевгелија** | 1.Манифестација Влашка вечер 2016 г.<br>2.Обновување на влашки носии и народни инструменти за обновување на влашката играорна група,<br>3. Одбележување на 23-ти мај-денот на Власите,<br>4. Изработка на капи, маици, календари и пенкала... | **424.000,оо ден.** | **202.000,оо ден.** | 100.000,о ден. |
| 7. | **ОО на СЗБ-Гевгелија** | 1.Одбележување државни празници,<br>2.Посета на историски места | **120.000, оо ден.** | **120.000,оо ден.** | 25.000,оо д |
| 8. | **Здружение на пензионери од општина Гевгелија** | 1.Прослава на денот на пензионерите,<br>2.Регионални спортски игри<br>2.Републички ревии Пензионерите пеат | **310.000,оо ден.** | **310.000,оо ден.** | 100.000,о ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | **Општински противпожарен сојуз-Гевгелија** | 1.Превентивно делување за заштита од пожари,<br>2.Организирање квиз натпревари за кадети и јуниори,<br>3.Издавачка дејност за заштита од пожари. | **100.000,оо ден.** | **50.000,оо ден.** | 30.000,оо де |
| **Други активности** | | | | | 265.000,о<br>ден. |
| | **ВКУПНО** | | =4.563.000,оо ден. | =1.497.000,оо ден. | = 700.000,<br>ден. |

**3.Финансирање**

Активностите утврдени со оваа програма општината ќе ги подржи финансиски со издвојување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, Програма Д-Градоначалник Потпрограма ДО.

4.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-228/1
27.01.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и 11/05), член 11 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15 и 30/16), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник

на општина Гевгелија“ бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година, донесе

# ПРОГРАМА
# За активностите во областа на социјална заштита во општина Гевгелија за 2017 година

## I. ВОВЕД

Со Програмата за активностите во областа на социјална заштита во општина Гевгелија за 2017 година, на граѓаните на општина Гевгелија, ќе им се обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе се обезбеди социјалната заштита преку давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисникот.

Со Програмата се предвидува, активностите на општина Гевгелија, во областа на социјалната заштита, да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:

1.Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик,

2.Остваруавње на социјална заштита на лица со посебни потреби,

3.Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции

**<u>ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 1</u>**

**Остварување на социјална заштита на лица изложени на социјален ризик**

**ЦЕЛ**

- Подобрување на квалитетот на живот на населението, а особено на оние лица кои се со загрозена материјална состојба и на кои им е потребна социјална помош.

**АКТИВНОСТИ**

**1. Еднократна парична помош за физички лица**

Општина Гевгелија, ќе обезбеди финансиска помош на лицата корисници на права од областа на социјалната заштита.

Во оваа категорија ќе бидат земени во предвид и лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, како и лица неспособни за работа.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 150.000,00 денари.

**2. Субвенционирање на престојот на деца во ЈОУДГ Детска радост"-Гевгелија**

Оваа активност се однесува на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства. Средствата ќе се исплаќаат врз основа на податоци кои месечно ќе ги доставува ЈОУДГ "Детска радост"-Гевгелија.

**Извор на средства:**

Буџетот на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 150.000,00 денари.

**3. Доделување на новогодишни пакетчиња на деца кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства и штитениците на Дневниот центар за деца со посебни потреби.**

За децата – жители на Општина Гевгелија, кои потекнуваат од социјално загрозени домаќинства, како и за децата кои го посетуваат Дневниот центар за деца со посебни потреби, општината секоја година доделува новогодишни пакетчиња.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 15.000,00 денари.

**4. Доделување на огревно дрво на лица кои се корисници на право на постојана парична помош**

Оваа активност се однесува на лица кои се корисници на правото на постојана парична помош на подрачјето на општина Гевгелија. Дрвата за огрев ќе се доделат по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа-Гевгелија.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 115.000,00 денари.

**5. Доделување на „Велигденски пакет“ на лица кои се корисници на право на социјална парична помош.**

Лицата кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија, по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа-Гевгелија, по повод велигденските празници, ќе добијат пакет.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 25.000,00 денари.

**6. Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење.**

Оваа активност се однесува на домаќинства кои се корисници на правото на социјална парична помош на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечната сметка за комунални услуги-испорака на вода за пиење, издадена од давателот на услуга-ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, доколку:

-остварува право на социјална парична помош, согласно Законот за социјалната заштита,

-редовно ги плаќа сметките за потрошената вода,

-потрошувачката на вода не надминува повеќе од 20 м3 месечно.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 300.000,00 денари.

**<u>ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 2</u>**

**Остварување на социјална заштита на лица со посебни потреби**

**ЦЕЛ**

- Подобрување на квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби;
- Побрза социјализација и поголема вклученост на оваа група во јавниот – социјален живот.

**АКТИВНОСТИ**

**1. Субвенционирање на превоз на одредени категории лица со посебни потреби во општинскиот линиски превоз на патници.**

Субвенционирањето на превоз во општинскиот линиски превоз на патници ќе се врши за лица со посебни потреби во општина Гевгелија и тоа:

- Лица со интелектуална попреченост,
- Телесно инвалидизирани лица,
- Лица со оштетен вид,
- Лица со оштетен слух,
- Инвалиди на трудот,
- Бубрежно болни лица,
- Инвалидски пензионери,
- Воени инвалиди.

За лицата со 100% инвалидитет ќе се субвенционира и превоз за неговиот придружник.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 280.000,00 денари.

<u>**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ 3**</u>

**Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции**

**ЦЕЛ**

- Намалување на бројот на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Намалување на штетните последици од злоупотребата на дроги,
- Ресоцијализација на лицата корисници на дроги.

**АКТИВНОСТИ**

- Едукативни работилници за лицата кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции,
- Едукативни работилници за лица вклучени во метадонски третман.

Овие активности ќе бидат реализирани во соработка со невладиниот сектор од општината.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:** 20.000,00 денари.

**III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**1. Еднократна парична помош на новородено дете**

Општина Гевгелија ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца, чии родители се со постојано живеалиште во Општина Гевгелија, и тоа во износ од 6.000,00 денари за првородено дете и 12.000,00 денари за третородено дете.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,

- извод од матична книга на родените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца)

- број на трансакциска сметка.

На овој начин освен што се помагаат семејствата со принови и се поттикнува наталитетот, општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината

на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината.

**Извор на средства:**

Буџет на општина Гевгелија за 2017

**Потребни средства:**

1.300.000,00 денари.

**IV. БУЏЕТ**

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат со средства предвидени во Буџетот на општина Гевгелија 2017 година, а во вкупен износ од 2.355.000,00 денари.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр. 09-229/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", бр. 5/02 год.) и член 38 став 1, точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија", бр.25/06 год.) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 27.01.2017 година донесе

# ПРОГРАМА

## За активностите на Општина Гевгелија, во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија

## за 2017 година

## I. Програмски активности и развојни приоритети

Програмата за работа на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии (ФЛОРИТ) – Гевгелија за 2017како и во претходните години, е проектирана на неколку нивоа, и тоа:

1. Активности на Фондацијата за потребите на општинската администрација,
2. Активности на Фондацијата поврзани со подготовки на проекти за прекугранична соработка,
3. Активности на Фондацијата со невладиниот сектор во земјава и во соседните држави,
4. Активности на Фондацијата со образовните институции, јавниот, културниот и приватниот сектор во општината, и
5. Активности на Фондацијата кои тековно произлегуваат во годишното работење.

ФЛОРИТ-Гевгелија во 2016 година беше координатор на активностите за формирање на Локална Акциска Група на териториите на општините Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран (односно на територијата на „ЛАГ Бојмија"). Во периодот Февруари – Јуни 2016 година се реализираа 5 работилници на кои што интензивно се работеше на подготвителните активности, т.е. на мобилизација и обука на учесниците во процесот на работа како дел од активноста за формулирање на стратегија базирана на територија на ЛАГ - от. Учесниците на повеќе работни средби го утврдуваа профилот на општините во опфатот на територијата на ЛАГ-от, вршеа анализи на слабите и јаките страни и се утврдија можностите и заканите за успешната реализација на ЛАГ - от. Понатаму, со метод на постигнување консензус се утврдија: името, визијата, мисијата, стратешките и развојните цели како и потенцијалните програми и проекти кои ги артикулираат основните потреби и насоки на руралниот развој на територијата на ЛАГ „Бојмија".

Детални информации за целиот процес како и Стратегијата за развој на рурална средина можат да се најдат на http://bojmija.lag.mk/.

Во 2017 година е предвидено правна регистрација на Локална акциска група (ЛАГ) „Бојмија", како и изработка на Акциски план за имплементација на Стратегијата за развој на рурална средина на територијата на општините: Гевгелија, Богданци, Валандово и Дојран. Понатаму ќе се поднесе барање за акредитација (самиот процес е утврден од експерти на ЕУ) од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, секако, доколку државата добие можност за имплементирање на мерката ЛЕАДЕР. (ЛЕАДЕР е кратенка која значи „Врски помеѓу активностите за развој на руралната економија") како дел од ИПАРД програмата.

Изработката на Програмата за енергетска ефикасност останува приоритет за 2017-та година, но истата е условена од добивањето на унифицираната методологија за изработка на програмите која треба да ја изготви и одобри Агенцијата за енергетика, а според која сите општини треба да ги унифицираат програмите за енергетска ефикасност, како и од ставањето во функција на софтверска алатка за следење и управување со потрошувачката на енергија на објектите од јавниот сектор, одобрена од страна на Министерството за економија.

ФЛОРИТ – Гевгелија во 2017 година ќе продолжи да дава техничка и стручна помош на општина Гевгелија при имплементација на одобрени проекти од програмата за прекугранична соработка. Во 2016 година за време на првиот повик за поднесување на предлог проекти за прекугранична соработка со Грција, за потребите на општина Гевгелија, учествувавме во изработка и комплетирање на проектна документација за следните проекти:

**„Оддржливо управување на прекуграничните водни ресурси"** со акроним **„AQUA-M II"** и е поднесен во Приоритетна оска 2. Заштита на животната средина – Транспорт, Тематски приоритет 2б. Заштита на животната средина и промоција на прилагодувањето, намалувањето, спречувањето и управувањето со ризиците од климатските промени; Специфична цел 2.3. Одржливо управување на заштитените подрачја, екосистемите и биодиверзитетот.

Партнери на Општина Гевгелија се Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија, Универзитетот Аристотел – оддел за Хемија од Солун, Грција, Општинското претпријатие за водовод и канализација на Пеонија, Општинското претпријатие за водовод и канализација на Халкидона,Р. Грција.

Главната активност е уредување на дел од речното корито на Сува Река за заштита на водните ресурси за одржливо управување со водите и контрола на поројните феномени. Исто така, во проектот е предвидено и набавка на лабораториска опрема за „Комуналец“ која ќе помогне за следење на клучните параметри за квалитетот на водата.

**„Валоризација на локалните вредности во корист на развојот на тематски туризам во прекуграничниот регион: Туристичка вредност“**со акроним **„Value4Tourism“** и е поднесен во Приоритетна оска 1. Развој и поддршка на локалната економија, Тематски приоритет 1д. Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство, Специфична цел 1.3. Подобрување на атрактивноста и промоција на туризмот во прекуграничниот регион за зголемување на вработеноста во туризмот. Проектот има за цел да ги искористи локалните традиционални производи и гастрономијата како референтна точка во развивањето на серија заеднички целни активности, се со цел прекуграничниот регион да се обележи како туристичка дестинација.

Партнери на Општина Гевгелија во реализација на проектот се Мрежа за рурален развој на Република Македонија, Здружение „Гуменица“ и Американското средно земјоделско училиште од Солун.

Главна активност на проектот е реновирање и адаптирање на Културниот дом во Прдејци во мултифункционален центар, пред се во функција на развојот на туризмот. Проектот предвидува и низа други активности, како што се промоција на културни вредности, гастрономија, брендирање на локални специјалитети, и сето тоа преку работилници, изработка на андроид апликации и комуникација помеѓу клучните засегнати страни.

Проектот **„HERMES“** -Според Светската метеоролошка организација и УНДП, прекуграничната територија на Р.Грција и Р.Македонија е подложна на поплави, шумски пожари, суши и екстремни температури. Оваа ранливост, исто така, е предизвикана од грешки кои постојано го зголемуваат создавањето на силни земјотреси. Прекуграничните опасности кои влијаат на двете земји, независно од локацијата на предизвикувачот го претставуваат клучното внимание во проектот. Општата цел на овој проект е спречување на метеоролошките и сеизмолошките опасности преку развој и имплементација на Систем за рано предупредување врз основа на: а) комбинација на модерен метео и сеизмички систем за следење, б) на нумерички модел за предвидување на земјотрес, софтвер за рано предупредување, в) софистицирани алгоритми за обработка на сеизмички и метео податоци за издавање на сигнали за движење на земјата во екстремни временски услови, г) веб / апликации за мобилни телефони. Партнери

во проектот се: Општина Гевгелија, Управа за хидрометеоролошки работи, Универзитетот Аристотел од Солун, и Општина Пеонија.

Покрај овие проектни апликации, ФЛОРИТ-Гевгелија, за потребите на јавниот сектор во општината, учествуваше и во комплетирање на проектна документација на проектот**„Заеднички активности за заштита и подобрување на здравјето на луѓето во прекуграничната област“** со акроним **„IPA Shield II“.** Овој проект е продолжение на претходниот одобрен проекткој се спроведува во рамките на третиот повик при Програмата за прекугранична соработка Грција - Македонија 2007-2013 година, од каде произлезе и соработката на двата партнери - Општа болница - Кукуш и Општа болница - Гевгелија. Овој проект предвидува подобрување на ефикасноста на примарна и превентивна здравствена заштита во прекуграничниот регион преку надградба на постојните медицински услуги и поставување на нова опрема.

Партнери во проектот се: Општата болница во Кукуш, Јавната здравствена установа Општа болница – Гевгелија, Заводот за осигурување на регионот Македонија и Тракија, Здравствен дом Валандово и Национален ургентен центар на Р. Грција.

**Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, аплицираше со триПредлог проекти од првиот повик при Програмата за прекугранична соработка – ИПА II (Инструмент за претпристапна поддршка на ЕУ) помеѓу Република Грција и Република Македонија 2014-2020.**

1. Името на првиот Проект е **„Прекуграничен виртуелен центар за локалните претприемачи“** со акроним **„e-CBC-Mall“** и е поднесен во Приоритетна оска 1: Развој и поддршка на локалната економија, Тематски приоритет 1а. Поттикнување на вработувањето, мобилноста на работната сила и општественото и културното вклучување преку границите, Специфична цел 1.1. Создавање можности за вработување на образовани дипломирани студенти преку искористување на компаративните предности на прекуграничниот регион, по можност со употреба на иновативни алатки и практики. Партнери на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, од Гевгелија, Република Македонијасе Грчко-Германска комора за индустрија и трговија, Грција, Грчко-Италијанска Стопанска комора на Солун, Грција, Стопанска комора на Кукуш, Грција, општина Кавадарци, Репубика Македонија и Стопанска

комора на Македонија, Република Македонија. Проектот беше аплициран во месец април 2016 година.

2. Името на вториот Проект е **„Интеграција на фотоволтаични централи преку концептот на „Нето отчитување“ (Net metering) во јавни објекти, пумпни станици и станици за полнење електрични возила“** со акроним **“GENERATION“** и е поднесен во Приоритетна оска 2. Заштита на животна средина – Транспорт; Тематска цел. Промовирање на одржлив транспорт и подобрување на јавната инфраструктура; Специфична цел 2.1. Надградба на јавната инфраструктура за подобрување на времето на патување, безбедно преминување на граница и унапредување на енергетската ефикасност кон зелен транспорт. Партнери на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, од Гевгелија, Република Македонија, се Општинското претпријатие за водоснабдување и канализација на Pilea-Hortiatis, Грција (водечки партнер), Општинското претпријатие за водоснабдување и канализација на Кукуш, Грција, Општинското претпријатие за водоснабдување и канализација на Поликастро, Грција, Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ Гевгелија, Република Македонија. Проектот беше аплициран во месец април 2016 година.

3. Името на третиот Проект е **„Неодолива прекугранична речна дестинација: Почувствувајте го природното наследство покрај реката Вардар“** со акроним **„Културното наследство на реката Вардар“** и е поднесен во Приоритетна оска 1: Развој и поддршка на локалната економија, Тематски приоритет Д. Поттикнување на туризмот и природното и културното наследство, Специфична цел 1.3. Подобрување на атрактивноста и промовирање на туризмот во прекуграничниот регион за зголемување на вработувањето во областа на туризмот. Партнери на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, од Гевгелија, Република Македонија се општина Делта, Р.Грција (водечки партнер), општина Халкидона, Р. Грција, општина Пајонија, Р.Грција и општина Градско, Република Македонија. Проектот беше аплициран во месец април 2016 година.

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, за прв пат, аплицираше со Предлог проект од првиот повик при **Програмата за транснационална соработка – „Балкан – Медитеран 2014-2020“.**

1. Името на проектот, со кој партнерите аплицираа при Програмата за транснационална соработка – „Балкан – Медитеран 2014-2020", е **„Транснационална мрежа за ароматични и фармацевтски растенија"** (TRANSNATIONAL AROMATIC and PHARMACEUTICAL PLANT NETWORK) со акроним **"TAPPN"** и е поднесен во Приоритетна оска 1. Претприемништво и иновации; Тематска цел 3: Подобрување на конкурентноста на малите и средни претпријатија (МСП); Инвестициски приоритет 3Д: Поддршка на капацитетите на малите и средните претпријатија да прераснат во регионални, национални и меѓународни пазари и да се вклучат во иновации. Специфична цел 1.2. Иновативни територии. Партнери на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија, од Гевгелија, Република Македонија, се Технолошки образовен институт на Западна Македонија - Кожани Грција, Здружението „Мирепсос – Кукуш Грција", Aromatic Plants Co-operation, Универзитет за гастрономија – Пловдив, "Sirfoundation" – Софија, Бугарија, Општина Корча, Албанија и Универзитет Корча, Албанија. Проектот беше аплициран во месец април 2016 година.

Резултатите од овие повици за поднесување на продлог проекти го очекуваме во 2017 година.

Во 2017 година, ФЛОРИТ-Гевгелија ќе продолжи со имплементацијата на проектот **„Промовирање на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори на енергија" (EnerGain)** Проектот започна со имплементација на 18 Октомври 2016 година, а го имплементираат Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии – Гевгелија и Сојузот на производители на еколошка енергија – БГ од Благоевград, Р. Бугарија. Истиот има за цел да го поддржи формирањето на интегриран пристап во прегуграничната област, во делот на децентрализирано производство на енергија од обновливи извори и воведување на решенија за енергетска ефикасност. Реализацијата на проектот ќе ги стимулира локалните бизниси и ќе придонесе за оптимизација на вкупната потрошувачка на енергија и трошоците. Една од основните цели е да се подобри свеста и зголеми интересот на целната група и чинители од прекуграничниот регион за децентрализирани енергетски решенија и искористување на потенцијалот од обновливите извори на енергија и нивните главни бенефиции: еколошки; економски (намалени трошоци и енергетска независност); ефикасност (квалитет на електрична енергија и издржливост); зачувување на ресурсите (со користењето на ОИЕ); сигурност и безбедност. Во таа насока, проектот го промовира концептот, главните технологии и

придобивките за индивидуални станбени објекти, деловни и јавни објекти (општини, образовен сектор, институции итн.).

Проектот се реализира преку работната програма која помеѓу останатото предвидува и информирање и подигнување на свеста преку кампањата „Соларен покрив"составена од 6 работилници за информирање и дискусија; Изработка на „Соларен водич за инвестиции" наменет за три типови на корисници - приватни домаќинства, МСП и јавни установи; изработка на Веб портал "EnerGAIN" - едукативен веб сајт со совети и едукативни филмови за подобрување на онлајн ресурсите кој ќе им обезбеди на потенцијалните корисници информации и соодветни совети за современи решенија за енергетски ефикасен и еколошки дом, бизнис или друга јавна установа; Заеднички специјализирани обуки за ОИЕ за техничари и инженери – градење на капацитети, размена на искуство и знаење во делот на програма за професионалци и експерти во областа на ОИЕ и ЕЕ; како и Е-учење преку програма за обука "EnerGAIN".

Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии и во 2017 година ја продолжува започнатата соработка со граѓански организации од земјава и соседните држави, како и со државни агенции и јавни иницијативи. Тука се има предвид глобалната иницијатива Отворено владино партнерство (ОВП) и процесот на креирање на националниот акциски план за ОВП 2016-2018 во којшто зедовме учество; ИПА 2 механизмот кој ја поддржува партиципативната демократија преку соработка на државните органи со граѓанските организации; како и соработката со Југоисточниот плански регион каде имаме активно учество во изработката на регионалната Стратегија за иновации, како и мониторинг комитетот за спроведување на програмите од прекуграничната соработка помеѓу Грција и Македонија. Фондацијата има превземено обврски и активна соработка со партнерските мрежите во кои што учествува, тука пред се, се мисли на Мрежата за рурален развој и на Здруженијата на граѓани кои работат на полето на животна средина и одржлив развој.

ФЛОРИТ-Гевгелија во 2017 година ќе продолжи со практиката за опслужување на сите партнерски организации кои делуваат во регионот, како што се „Центарот за развој на Југоисточниот плански регион", како и проектните канцеларии на меѓународните донаторски организации на УНДП, ОРФ (како дел од ГИЗ) и УСАИД.

ФЛОРИТ - Гевгелија, како и досега ќе иницира, предлага и подготвува проектни задачи и апликации до разни донаторски организации, во интерес на општина Гевгелија, по претходна консултација со општинската администрација, Советот на

општината и Градоначалникот на општина Гевгелија во доменот на своите можности и надлежности. Одредени активности на Фондацијата може да се планираат за работа во претстојната 2017 година, а дел ќе се реализираат според потребите на Општината и јавните повици на меѓународните организации за доделување на грантови во одредени области во Република Македонија.

## II. Финансирање на работата на Фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија

Во прилог е потребниот буџет за реализација на активностите, кој што всушност претставува и учество на Фондацијата при изработка и имплементација на проекти.

| ***Буџет на Фондација за локален развој и развој на информатички технологии - Гевгелија*** | **2017** | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци (во денари)** | **Вкупно месеци** | **По месец** | **Вкупно** |
| **1. Човечки ресурси** | | | |
| **1.1 Плати и надоместоци** | | | |
| 1.1.1. Администрација – Фондација | 12 | 140500 | 1 686 000 |
| **1.2 Надградување на човечките ресурси** | | | |
| 1.2.1 Учество на семинари / конференции | 12 | 3000 | 36 000 |
| 1.2.2 Тренинг/ обуки | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно човечки ресурси*** | | | **1 746 000** |
| | | | |
| **2. Патувања** | | | |
| **2.1 Меѓународни патувања** | | | |
| 2.1.1. Студиски патувања ( конференции и | 12 | 2000 | 24 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| семинари ) | | | |
| 2.1.2. Патни трошоци | 12 | 4500 | 54 000 |
| ***Вкупно за патувања*** | | | **78 000** |
| | | | |
| **3.Локални трошоци за канцеларија** | | | |
| **3.1. Трошоци за канцеларија** | | | |
| 3.1.1. Изнајмување на простор | | | |
| 3.1.2 Електрична енергија ( греење и ладење ) | | | |
| 3.1.3. Греење | | | |
| 3.1.4. Вода и ѓубрарина | 12 | 1500 | 18 000 |
| 3.1.5. Пошта, телефон и интернет | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.1.6. Поправка и одржување на ИТ опрема | 12 | 0 | 0 |
| 3.2. Потрошен материјал | | | |
| 3.2.1. Канцелариски набавки ( хигиенски средства ) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 3.2.2. Канцелариски материјал | 12 | 500 | 6 000 |
| 3.2.3 Одржување и чистење на просториите | 12 | 2000 | 24 000 |
| ***Вкупно трошоци за канцеларија*** | | | **72 000** |
| | | | |
| **4. Други трошоци , услуги** | | | |
| 4.1. Публикации ( web страна, одржување и хостинг) | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.2. Финансиски трансакции, данок | 12 | 1000 | 12 000 |
| 4.3. Сметководствени услуги | 12 | 6500 | 78 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.4. Евалуациони трошоци | | | |
| 4.5. Трошоци за пререгистрација и нотарски услуги | | | |
| 4.6. Непредвидени трошоци | | | |
| | | | |
| ***Вкупно други трошоци*** | | | **102 000** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно трошоци** | | | **1 998 000** |

Бр.09-230/1
27.01.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 08/10), а во врска со член 20-б, став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14 и 27/16г.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.01.2017г., ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2017 година

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2017 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на општина Гевгелија, Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2017 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09- 231/1
27.01.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование-Пречистен текст (Основен текст на законот ("Службен Весник на РМ" бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016 и 127/2016), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седница одржана на 27.01.2017 година утврди:

**ПЛАН**
**за запишување на ученици во I година средно образование**
**во СОУ"Јосиф Јосифовски"-Гевгелија во 2017/2018 год.**

Во СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија, во учебната 2017/2018 година, во прва година се планира да се запишат вкупно 374 ученици; распоредени во 11 паралелки,

- во настава на македонски јазик вкупно 374 ученици распределени во 11, паралелки;
- во настава на албански јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на турски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;
- во настава на српски јазик вкупно _/ ученици распределени во / паралелки;

**1. УЧИЛИШТЕ**

Име на училиштето Средно Општинско Училиште "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија

### *Гимназиско образование*

Во прва година се планира да се запишат 170 ученици, во 5 паралелки.

- во настава на македонски јазик.................................170 ученици, во 5 паралелки;
- во настава на албански јазик.......................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на турски јазик............................................... / ученици, во / паралелки;
- во настава на српски јазик.............................................../ ученици, во / паралелки.

### *Стручно образование*

Во прва година се планира да се запишат 204 ученици, во 6 паралелки.

| Струка | Профил | Ученици | | | | Паралелки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мак. јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно | Мак .јаз. | Алб .јаз | Тур .јаз | вкупно |
| угостителско - туристичка | хотелско-туристички техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | готвач III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| угостителско - туристичка | келнер III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| економскоправна и трговска | економски техничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | автотехничар-мехатроничар IV степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |
| машинска | автомеханичар III степен | 34 | / | / | 34 | 1 | / | / | 34 |

Бр.09-232/1
27.01.2017г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 26 а во врска со член 19 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува обезбедување на средства за надоместок за 2017 година за експропријација на недвижен имот што би бил опфатен при изградба на комунална инфраструктура во општина Гевгелија (општински патишта, улици, водовод, канализација) и други објекти од јавен интерес од локално значење во градот и населените места во општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место.

**Член 2**

Изградбата на комуналната инфраструктура и други објекти од јавен интерес во општина Гевгелија е предвидена во Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година и Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2017 година.

**Член 3**

Надоместокот за експроприраната недвижност ќе се врши во парични средства во висина на пазарната вредност на експроприраната недвижност или со давање (замена) на друга недвижност соодветна на експроприраната недвижност.

**Член 4**

Средствата за надоместокот за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење се обезбедени во Буџетот на општина Гевгелија за 2017 година, програма ФА Потпрограма ФА0 – Уредување на градежно земјиште -капитални трошоци, ставка 485 – Надоместок за одземен имот.

За надоместокот од претходниот став на овој член се определени средства во износ од 15.000.000,00 (петнаесет милиони) денари.

**Член 5**

Надоместокот за експропријација со давање на друга соодветна недвижност доколку е можно ќе се врши со земјиште со кое располага општина Гевгелија.

**Член 6**

Надоместокот за експропријација од членовите 3 и 5 на оваа Одлука ќе се врши врз основа на склучена спогодба за надоместок помеѓу општина Гевгелија и сопственикот на недвижноста односно правосилна судска одлука за определување на надоместокот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 09-233/1
27.01.2017 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/011, 155/012, 72/013, 44/014 и 115/014), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.113/1 КО Миравци (вон град)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска докуметација, односно изготвување на ЛУПД за КП бр.1113/1 КО Миравци (вон град) м.в. "Ристенска корија", за легализација на фарма која ќе биде прифатена како иницијатива од барателот **Никола Ѓоргиев од с.Миравци**.

**Член** 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,, .

Бр.09-234/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ"бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017г., донесе

# О Д Л У К А

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација на земјиштето на КП бр. 146 и дел од КП бр.149/1 КО Ново Конско**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичка планска документација (УП за с. Ново Конско) со која ќе се врши вклопување на изградена семејна куќа на **Ѓорги Костовски од Гевгелија** на КП бр.146 и дел од КП бр.149/1 КО Ново Конско, во класа на намена А1 - домување во станбени куќи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-235/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ"бр. 56/11, 162/12, 95/13 и 109/14) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација на земјиштето на КП бр.195/1 КО Хума

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација (УП за с. Хума) со која ќе се врши вклопување на изградена семејна куќа на **Ристо Опаров од Гевгелија**, на КП бр. 195/1 КО Хума, во класа на намена А1 - домување во станбени куќи.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-236/1

Претседател

27.01.2017 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Хаџи-Николов*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.4076 и дел на КП бр.4754 КО Негорци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Стојан Делев од с.Негорци**, на КП бр.4076 и дел на КП бр.4754 КО Негорци, во класа на намена Г4-магацини.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-237/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1016, 1017/1 и 1017/2 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Прошо Точев од Гевгелија**, на КП бр.1016, 1017/1 и 1017/2 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-238/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1000, 1000/1 и 1000/2 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Горан Коцев од Скопје**, на КП бр.1000, 1000/1 и 1000/2 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-239/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1318 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Ѓорге Атанасов од Гевгелија**, на КП бр.1318 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.09-240/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1285 КО Хума**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Борис Маџунков од Гевгелија**, на КП бр.1285 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.09-241/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1170 КО Хума

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Атанас и Андреа Јаневи од Скопје**, на КП бр.1170 КО Хума, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-242/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.599 КО Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изградени објекти-сопственост на **Драги Диманов од Гевгелија**, на КП бр.599 КО Конско, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-243/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.554/3 КО Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изградени објекти-сопственост на **Гордана Јанева од Гевгелија**, на КП бр.554/3 КО Конско, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-244/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.579 КО Конско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект-сопственост на **Сашко Јанев од Гевгелија**, на КП бр.579 КО Конско, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-245/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14г.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 год., донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.176 КО Милетково

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден помошен објект-сопственост на **Васо Митров од с.Милетково**, на КП бр.176 КО Милетково, во класа на намена А1-домување во станбени куќи.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија. "

Бр.09-246/1
27.01.2017 г.
Гевгелија.

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06 и 8/10 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за престанок на мандат на член на**
**Советот на општина Гевгелија**

1. На Илија Ашиков, член на Советот на општина Гевгелија, му престанува мандатот на член на Советот на општина Гевгелија, поради поднесување на оставка, од денот на одржувањето на седницата.
2. Решението да се достави до Општинската изборна комисија.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.09-247/1
27.01.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Драги Хаџи-Николов**

## СОДРЖИНА:

1. Решение за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за периодот 01.01.2016г. – 30.09.2016 година,......1
2. Заклучок за усвојување на Информација за состојбата со бездомните животни во општина Гевгелија за 2016 година...... 1
3. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за посредување при давање информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2016 година...... 2
4. Заклучок за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на ПС од ОН-Гевгелија за 2016 година...... 2
5. Заклучок за усвојување на Информацијата од МЦСР-Гевгелија за состојбата со социјалната заштита на населението во општина Гевгелија за 2016 година...... 3
6. Заклучок за усвојување на Информацијата од МЦСР-Гевгелија за состојбата со изграденоста на архитектонските бариери за лицата со посебни потреби во општина Гевгелија за 2016 година...... 4
7. Заклучок за усвојување на Информација од ЦЈЗ- П.Е.Гевгелија за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија за 2015 година...... 4
8. Заклучок за усвојување на Информацијата од НУ Музеј-Гевгелија за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општина Гевгелија за 2017 година...... 5
9. Заклучок за усвојување на Информација од РЦУК-Гевгелија за состојбата со мигрантите во Прифатниот центар за мигранти "ЈУГ"-Гевгелија за 2016 година...... 5
10. Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2017 година...... .6
11. Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2017 година...... 26
12. Програма за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2017 година...... 31
13. Програма за поддршка на Месните заедници од општина Гевгелија за организирање активности во 2017 година...... 39
14. Програма за поддршка на НВО-секторот од општина Гевгелија за организирање проекти и активности во 2017 година...... . 42
15. Програма за активностите од областа на социјалната заштита во општина Гевгелија за 2017 година...... 46
16. Програма за активностите на општина Гевгелија во областа на Фондацијата за локален развој и развој на информатичките технологии-Гевгелија за 2017 година...... 53
17. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Гевгелија за 2017 год...... 62

**18.** План за запишување ученици во прва година средно образование во СОУ Јосиф Јосифовски-Гевгелија за 2017 година..........63
**19.** Одлука за обезбедени средства за надоместок за експропријација на недвижен имот за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење во општина Гевгелија..........65
20. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.113/1 КО Миравци-вон град (барател: Никола Ѓоргиев од с.Миравци)..........66
21. Предлог-Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиштето на КП бр.146 и на дел од КП бр.149/1 КО Ново Конско ( барател: Ѓорги Костовски од Гевгелија)..........67
22. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиштето на КП бр.195/1 КО Хума (барател: Ристо Опаров од Гевгелија)..........68
23. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.4076 и дел на КП бр.4754 КО Негорци (барател: Стојан Делев од с.Негорци)..........69
24. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.1016, 1017/1 и 1017/2 КО Хума (барател: Прошо Точев од Гевгелија)..........70
25. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.1001, 1000/1 и 1000/2 КО Хума (барател: Горан Коцев од Скопје)..........71
26. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.1318 КО Хума (барател: Ѓорге Атанасов од Гевгелија)..........71
27. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.1285 КО Хума (барател: Борис Маџунков од Гевгелија)..........72
28. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.1170 КО Хума (баратели: Атанас и Андреа Јаневи од Скопје..........73
29. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.599 КО Конско (барател: Драги Диманов од Гевгелија)..........74
30. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.554/3 КО Конско (барател: Гордана Јанева од Гевгелија)..........75
**31.** Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.579 КО Конско (барател: Сашко Јанев од Гевгелија)..........76
32. Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намената на земјиштето на КП бр.176 КО Милетково (барател: Васо Митров од с.Милетково)..........77
**33.** Решение за констатирање престанок на мандатот на членот на Советот на **општина Гевгелија, Илија Ашиков**..........78

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**

**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и**